Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02 и „Службен весник на РСМ" број 202/24), а во врска со Законот за практикантство (Сл.весник на РМ бр. 98/2019 и 103/2021), Градоначалникот на Општина Центар – Скопје донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ПРАКТИКАНТСТВО ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишуваат начинот, критериумите и постапката за остварување на практиканството како модел на вклучување и подготовка на младите за нивниот понатамошен кариерен развој, утврдени во Програмата за локален економски развој на Општина Центар-Скопје.

**Член 2**

Финансиските средства од член 1 на овој Правилник се обезбедуваат од Буџетот на Општина Центар–Скопје, во износ планиран во годишната Програма за Локален економски развој, а со намена воведување на практикантство (исплата на практиканти) во општина Центар – Скопје.
Финансиските средства од став 1 на овој член се доделуваат во текот на цела календарска година до нивно целосно искористување.

**Член 3**

Финансиските средства од член 1 на овој Правилник ќе се користат за надомест за практикантската работа на практикантите на Општина Центар – Скопје, во износ пропишан во Законот за практикантство, на кој износ ќе се пресмета персонален данок на доход.

**Член 4**

За спроведување на постапката утврдена со овој Правилник, Градоначалникот со решение формира Комисија за спроведување на постапката за практикантство во Општина Центар-Скопје од вработените во општинската администрација (во натамошен текст: Комисија).

## II. ЈАВЕН ПОВИК

**Член 5**

За реализирање на Програмата Општина Центар -Скопје објавува Јавен повик кој се објавува на веб страната на Општината трае од денот на објавувањето се до исцрпувањето на финансиските средства предвидени во член 2 од овој Правилник при што барањата ќе бидат разгледувани по редослед според датумот и времето на пристигнувањето и според потребите и можностите на општината за вклучување на практиканти.

## III. НАЧИН, УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА ПРАКТИКАНТСТВО

**Член 6**

Право на учество на Јавниот повик имаат младите жители на Општина Центар-Скопје, студенти и/или апсолвенти на државни/меѓународни/приватни факултети кои ќе се пријават на истиот и преку Архивата на Општина Центар ќе ја достават следната документација:

- Барање за практикантство;
- доказ дека се студенти и/или апсолвенти на државни/меѓународни/приватни факултети,

- лична карта и транскакциска сметка,
- кратка биографија (CV) на кандидатот

Членовите на Комисијата при утврдување на исполнување на условите од член 5 на овој Правилник, вршат обработка на личните податоци на субјектите дадени при пополнување на барањето врз основа на Решенија за овластување за вршење обработка на лични податоци во Општина Центар- Скопје.

**Член 7**

По објавување на Јавниот повик, Комисијата ги разгледува пристигнатите барања во однос на тоа дали ја содржат потребната документација, согласно редоследот според датумот и времето на пристигнувањето на барањата и согласно потребите на општината.
Во случај на повеќе кандидати за практикантство за пополнување на едно работно место, Комисија ќе изврши бодување на кандидатите врз основа на спроведено интервју, успех во школувањето и евентуалното работно искуство (волонтерство, практиканство и сл.).

**Член 8**

Врз основа на пристигнатите барања, документација и спроведената постапка, Комисијата го утврдува исполнувањето на условите од член 6 на овој Правилник и доставува предлог до Градоначалниот на Општина Центар-Скопје за за избор на кандидати за склучување на договор за практиканство.
За барателите кои ги исполниле условите согласно Јавниот повик и за кои ќе се утврди дека одговараат за склучување на договор за практикантство, Градоначалникот на Општина Центар-Скопје, на предлог на Комисијата, носи решение за избор и склучување на договор.
За барателите кои ги не исполниле условите согласно Јавниот повик, Градоначалникот на Општина Центар-Скопје, на предлог на Комисијата, ги известува барателите за неусвојување на барањето.

**Член 9**

Општина Центар - Скопје преку Секторот за локален економски развој води евиденција на сите доставени барања од физички лица за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје, согласно овој Правилник и сите донесени решенија од страна на Градоначалникот на Општина Центар-Скопје.

**Член 12**

Овој Правилник влегува на сила со денот на донесувањето.

**Број** 09-2785/1
22.04.**2026 година**
**Скопје**

**ОПШТИНА ЦЕНТАР – СКОПЈЕ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Д-р Горан Герасимовски**

Изработил: Весна Михајлова Куковска
Контролирал: Оливер Лазоски
Согласен: Георги Трајчев